Напиши писмо до самиот себе
на 45-годишна возраст

I НАГРАДА

„Живеј го својот сон. Биди тоа што сакаше
да бидеш. Почитувај секого и помогни секому.
Обиди се во секого да го пронаоѓаш само доброто".

Мила Марија,

Го започнав ова писмо необично - со реченица
која е моја мисла - водилка низ животот.
Јас добро те познавам тебе. Ти си таа - второ
мое „јас", секогаш со отворено срце да сака,
да почитува, да помага. Нашиот живот е патека
која ја осветлуваат Сонцето и Месечината, а
ние сме неразделни токму како нив. Ние сме
две ѕвезди кои се движат по нашата патека
на ова големо созвездие кое се вика „наш живот".
Ние имаме и заедничка сенка која никогаш
не се одделува од нас. Растевме заедно како
што растеше и нашата сенка.
Сега сме возрасни. Се надевам дека кога ќе
го читаш ова писмо, ќе сватиш колку ова
парче хартија е значајно за мене. Тоа е
спомен од времето кога имав соништа
за иднината и правев сè да ги остварам.
Сега, преморена од работата, која ја посакував

со сета моја душа, го држам ова писмо и солзи радоснички ми се слеваат по лицето. Среќна сум зашто ти оствари своите сништа. И токму како што напишав на почетокот: „Живеј го својот сон.

Биди тоа што сакаш да бидеш". Кога го пишував ова писмо, знаев дека во црнина ќе биде нем спомен за сето она кое го минувавме сиве овие години. Ова се твои и мои сеќавања и спомени зашто ние сме едно, јас сум ти, а ти си јас.
~~И нашата е со нас.~~

Ние сме истата личност, но на сосема различно место и во различно време. Јас сум од минатото, а ти си од сегашноста. Ана, каква врска има тоа? Ние остануваме заедно засекогаш. Како Сонцето и Месечината, зарем не?

Засекогаш твојата Марија

Автор: Марија Додовска
VIII/1
ООУ: „Јохан Хајнрих Песталоци",
Скопје
Телефони: 3163-640;
3213-148
Ментор: Снежана Велкова